РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ул. Макарие Фрчковски бр. 8 / тел/факс: 3163-812, 3162-436, 3109-401 / п.ф. 328

Бр.: 01-778/1
13. 07. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## - ПРОГРАМСКИ И ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ -

## (ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2018 ГОДИНА)



Јуни, 2018

Скопје

НУ Конзерваторски центар – Скопје во извештајниот период отпочна со реализација на Програмата за работа за 2018 година во рамките на обезбедените средства од буџетот на Република Македонија, а спроведуваше и активности во негова надлежност, иницирани и/или побарани од други правни и физички лица.

Од сумарниот извештај, наведен според видот на активности, може да се забележи дека најголемиот обем на работа се однесува на вонпрограмски активности додека поголемото од програмските задачи се во почетна фаза имајќи предвид дека дел од одобрените финансиски средства за нивна реализација се добија во текот на мај и јуни оваа година, како и фактот што извесни законски процедури за добивање одобренија, дозволи и сл. се сеуште во тек.

Упатно е да се напомене дека во последните три месеци од извештајниот период големо внимание се посвети на дебати околу новите акти за внатрешна организација на институцијата и систематизација на работните места (усвоени од Управниот одбор во јуни 2018 година), за што голем придонес дадоа стручните лица, членовите на Основната синдикална организација и членовите на Управниот одбор.

# I. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

## 1. *Евиденција/рекогносцирање*

- Програма и целокупна документација за археолошко истражување – рекогносцирање, во врска со изградбата на магистрален гасовод – Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево, во општини кои се во надлежност на НУ КЦ – Скопје: Аеродром, Арачиново, Гази Баба, Кисела Вода, Сарај и Сопиште

## 2. *Изработка на конзерваторски проекти*

- Изработка на проект за конзервација и реставрација на иконите од црквата „Св. Илија“ во с. Бродец

## 3. *Реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита)*

3.1 Припремни работи за отпочнување јавна набавка за дел од Проектот за конзерваторско-реставраторски интервенции на фасадата на комплексот „Свети Спас“ во Скопје на ул. Макарие Фрчковски бр. 8 (простории отстапени од страна на МПЦ на користење на НУКЦ- Скопје) и „Лазар Танев“ бр. 4 (Зградата

на поранешниот „Вилаетски конак“) во состав на истиот комплекс на КП 9183, во споменичката целина Стара скопска чаршија

3.2 Во тек е реализација на третата фаза на проектот за конзерваторско-реставраторски работи на фрескоживописот во црквата „Св. Никола“, Љуботен

### 4 *Изработка на заштитно-конзерваторски основи за:*

4.1. Подрачје на опфат за ДУП за “Градска четврт ЦС 01”, општина Центар
4.2. Подрачје на опфат за ДУП за “Градска четврт ЦС 14“ (Кале и СРЦ Кале), општина Центар
4.3. Подрачје на опфат за ДУП „Градска четврт С 03“ (Соборен храм), општина Центар.

# II. ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### 1. *Непланиран увид*

1.1. Увид на подрачје на опфат на Урбанистички план за Инфраструктурен Проект за изградба на улица во КО Кучково, општина Ѓорче Петров, Скопје
1.2. Увид во опфатот и непосредната околина на Проектот за инфраструктура за доградба на локален пат село Зелениково – село Градовци
1.3. Увид во состојбата на Домот на Есма Реџепова Теодосиевска (по барање на Владата на РМ)
1.4. Увид во состојбата на цр. Свети Спас во Скопје за утврдување евентуална штета по обилните дождови од 05/06.05 2018 година
1.5. Увид во состојбата на остатоците од некогашната црква Св. Спас во с. Бразда на место викано Видране, скопско
1.6. Увид на недвижното добро – црква Св.Никола во с.Љуботен, скопско за дефинирање на понатамошни интервенции на објектот.
1.7. Увид во состојбата на гледалиштето на театарот во археолошкиот локалитет Скупи заради изготвување на Анекс на проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот во Скупи (по барање на УЗКН)
1.8. Увид на објектот (остатоци) од цр. Св. Тројца која се наоѓа во границите на археолошкиот локалитет Св. Спас – Матка
1.9. Увид во состојбата на Феудалната кула – Скопје (по барање на НУ Музеј на Македонија)
1.10. Увид во сосојбата на кровната конструкција на НУБ (по барање на МК)

1.11. Увид по основ на допис од Управата за заштита на културното наследство - Инспекциски служби, за бесправни интервенции во Старата скопска чаршија, на **8 објекти** на ул. „Битпазарска“ (бр 80) и ул. „Лазар Танев“ (бр. 1, бр. 26-32).

## 2. *Изработка на заштитно-конзерваторски услови*

- Изработени се **111 заштитно конзерваторски услови**, за дуќани на ул. Битпазарска, Покриена чаршија, Лазар Танев, Самарџиска, Градиште, Дрварска, Евлија Челебија, Петар Михов, Подграѓе. Теодосиј Гологанов, и др., за потребите на проектите: *„Промоција на чаршиски туризам во општина Чаир“* (носител -Општина Чаир, финансиран од страна на Европската Унија, менаџиран од страна на Светска Банка и ПЛРК) кој меѓу другото опфаќа реставрација на излози, санација на дел од калдрмата, обука на занаетчии, и *„Проектно решение за Старата скопска чаршија, Охридската чаршија, Битолската чаршија и Струшката чаршија“* (финансиран и менаџиран од страна на Министерството за економија на РМ), кој опфаќа конзервација и реставрација на излози на дуќани.

## 3. *Вршење конзерваторски надзор*

3.1. Конзерваторски надзор на реализацијата на Проектот за конзерваторско-реставраторските интервенции на Хусеин Шах џамија во Сарај (според решение од НУ НКЦ-Скопје)

3.2. Конзерваторски надзор на реализација на конзерваторски проект за Чифте амам во Скопје (по барање на носителот на работите - НУ Уметничка галерија - Скопје)

## 4. *Учество во стручни комисии и други тела формирани од други субјекти*

4.1. Стручна контрола на **16 конзерваторски проекти** врз основа на издадени ЗКУ за дуќани поврзани со двата проекти за реставрација на излози во Старата скопска чаршија

4.2. Стручна контрола на основен проект за реконструкција на дуќан на ул. Битпазарска (КП 8999)

4.3. Рецензиона комисија за избор и реизбор во стручни звања во областа на заштитата на културното наследство

4.4. Стручно мислење за основаноста за ставање под заштита на градската вила – Водно (КО центар 2)

4.5. Стручна контрола на Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на цр. Св. Архангел Михаил во Лесновскиот манастир – Пробиштип

4.6. Стручна контрола на Проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Хусамедин џамијата во с. Сарај – Скопско

4.7. Стручна контрола на Проект за конзервација и презентација на подовите во внатрешноста и во тремот на Исхак бег-Алаџа џамија – Скопје
4.8. Стручна контрола на Анекс проект кон основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на комплексот – Султан Муратова џамија – Скопје

## 5. *Други вонпрогрмаски активности*

5.1. Изготвување на Пресметка за заштитни археолошки истражувања на КП 630/2 и КП 631/2 КО Злокуќани (по барање на сопственикот)
5.2. Изработка на Проект за санација и конструктивно зајакнување на спомeникот на културата Саат кула - Скопје (со решение од НУ НКЦ-Скопје)
5.3. Учество во работна група за изработка на проектна програма и анаекс на проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот во Скупи (формирана од УЗКН)
5.4. Учество во изработка на Анекс на основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот во Скупи (формиран тим од УЗКН)
5.5. Археолошки надзор на изградбата на магистрален гасовод – Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево, во општини кои се во надлежност на НУ Конзерваторски центар – Скопје: Аеродром, Арачиново, Гази Баба, Кисела Вода, Сарај и Сопиште.
5.6. Стручно мислење (со одобрение) за враќање на текстот (изјавата на Јосип Броз Тито) на објектот на Старата железничка станица – Скопје
5.7. Стручно мислење за ребрендирање на на деловен простор на ул. Македонија б.11а (по барање на Лотарија на Македонија)
5.8. Учество во работилницата „Бизнис планирање за рехабилитација на недвижни културни добра“ - Европска година на културното наследство 2018, во организација на УЗКН (08.06.2018 година).

## 6. *Издавачка дејност*

- Печатење на „Извори на споменичко право во Македонија - Акти за спомениците на културата и другите културни добра од периодот 2006-2011“ (том V)

## 7. *Останати активности*

7.1. Во тек е избор на проектанска фирма за изработка и реализација на Проект за поставување на видео надзор во црквата Св. Спас, музејската поставка на Г. Делчев, гробот на Г. Делчев и поставување на видео назор во установата.

7.2. Реализација на Проект за физичко обезбедување на установата со ангажирање на агенција за обезбедување - отпочната и завршена е јавната набавка за избор на агенција за обезбедување, потпишан е договор со фирмата ЕКОТ ГАРД ДОО Скопје.

Скопје, 13.07. 2018 година

ВД ДИРЕКТОР
Весна Петрушевска